imageFORMULA
DR-X10C

# НАЈДОБРИОТ ПРОИЗВОДСТВЕН СКЕНЕР ШТО РАБОТИ СО ГОЛЕМА БРЗИНА



## Производствен скенер imageFORMULA DR-X10C

Ако вашата компанија има сериозни потреби од скенирање, тогаш ви нудиме неверојатен производствен скенер со врвни перформанси. DR-X10C е дизајниран сам да врши правилно снабдување со хартија, ракување со вашите документи и нивна обработка со што ја елиминира потребата да вложувате напори за овие процеси.

## Ненадмината продуктивност

DR-X10C е извонредно продуктивен скенер за А3-формати што нуди брзини за скенирање до 260 слики/мин. (А4, хоризонтална ориентација). Оваа неверојатна ефикасност се постигнува со помош на наменскиот чип во фирмверот на уредот, што работи независно од вашиот компјутер и е задолжен за обработка на сликите. Режимот за голема брзина овозможува скенирање на слики со 300 dpi што потоа можат да се подобрат до 400 dpi и 600 dpi.

**DR-X10C**

- БРЗИНА ЗА ЦРНО-БЕЛО СКЕНИРАЊЕ И СКЕНИРАЊЕ ВО БОЈА 130 СТР./МИН. / 260 СЛИКИ/МИН.
- ПРЕПОРАЧАН ДНЕВЕН ОБЕМ 60.000 СКЕНИРАЊА/ДЕН
- АВТОМАТСКИ МЕХАНИЗАМ ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ДОКУМЕНТИ ЗА 500 ЛИСТОВИ
- 3 СЕНЗОРИ ЗА ОТКРИВАЊЕ ДВОЈНО ПОВЛЕКУВАЊЕ

Canon

# ДИЗАЈНИРАН ДА ОБЕЗБЕДИ НЕНАДМИНАТИ РЕЗУЛТАТИ

**Снабдување со хартија без напор:**

DR-X10C е опремен со голем ADF за 500 листови. ADF може да се помести во центарот по шините што овозможуваат заклучување на положбата и неговата висина може да се прилагоди (500, 300 и 100 листови) според обемот на сериите што се скенираат - тоа ви заштедува време и го зголемува обемот на скенирани резултати.

**Ултразвучно откривање на двојно повлекување документи:**

Опремен со 3 независно контролирани сензори, DR-X10C нуди прецизно откривање на двојно повлекување и сигурност. Исто така, може да ги поставите сензорите да се ВКЛУЧУВААТ или ИСКЛУЧУВААТ во зависност од поставеното растојание од предниот раб на сликата што ја скенирате, што ќе придонесе за практично и лесно скенирање на документи со прикачени забелешки и етикети.

**Откривање хефталки:**

Иновативната функција за откривање хефталки на Canon веднаш го запира снабдувањето со хартија доколку открие хефталки за да спречи оштетување на уредот или документите.

**Активна контрола на вртежниот момент за разделување:**

Оваа иновативна функција ви овозможува да работите со различни медиуми, почнувајќи од дебели документи па сè до деликатни документи, благодарение на 5-те поставки за електронско контролирање на вртежниот момент. Искористете повеќе придобивки при скенирање деликатни документи и извршете го потребното разделување без ризик од оштетување на документите - ќе добиете најдобри можни нивоа на разделување на документите и сигурно снабдување со хартија.

**Повторен обид при двојно повлекување:**

Оваа уникатна функција автоматски ги враќа документите назад во механизмот за снабдување со хартија доколку открие двојно повлекување и потоа се обидува повторно да ги проследи. И скенирањето пликови е едноставно - откако уредот ќе ги препознае, треба само да ја прифатите сликата со притиснување на копчето на контролниот панел и скенирањето ќе продолжи автоматски, а тоа ќе придонесе за зголемување на вкупната продуктивност.

**Моментално откривање на големини и закосувања:**

Наменскиот сензор вграден во скенерот може веднаш и автоматски да ги открие големината и аголот на закосување на физичкиот документ што минува низ скенерот, со што обезбедува прецизни и сигурни резултати.












# БРЗ ПРОИЗВОДСТВЕН СКЕНЕР ЗА А3-ФОРМАТИ




## УШТЕ ПОГОЛЕМА КОНТРОЛА ВО СЕКОЈ МОМЕНТ

### CaptureOnTouch

Интуитивно скенирање Со практичниот интерфејс на софтверот CaptureOnTouch од Canon може лесно да скенирате хартиени документи во дигитални архиви и истите да ги зачувувате или испраќате кон повеќе дестинации, вклучувајќи и Cloud-услуги. Тој содржи целосен автоматски режим што нуди поедноставно скенирање со висококвалитетни резултати. Може да создавате PDF-датотеки со можност за пребарување користејќи ја вградената технологија за OCR и функциите зачувани во менито со кратенки што често сте ги користеле

### Kofax VRS

Кога ви требаат најдобри резултати, испорачајте ги со DR-X10C и Kofax Virtual Rescan (VRS) Professional. Оваа технологија за обработка на слика, што е докажана во индустријата, создава врвни резултати дури и од изворни документи со најслаб квалитет, со што се намалува времето потребно за подготовка на документите и потребата од рачна интервенција. Изборната Kofax VRS Professional CGA-картичка нуди голем број автоматски функции што ги подобруваат процесите за скенирање како OCR / ICR и ја минимизираат потребата од повторно скенирање со цел да се обезбеди оптимална ефикасност.

### Сликите во прв план

Ако квалитетот на сликата ви е најважен фактор, DR-X10C ќе ви ги задоволи потребите со неговата оптичка резолуција од 600 dpi и многубројните вградени функции за подобрување на сликите. За да спречи наталожување на прав и намалување на квалитетот на сликите, DR-X10C користи автоматски механизам за дување, бришење и нијансирање кој спречува валкање на сензорот и намалување на високиот квалитет на сликите.

### Дополнителни функции за обработка на слика

За да ви понуди уште поголема моќ и полесно ракување, DR-X10C се испорачува со комплет функции за обработка на слика. Тука спаѓаат функциите за подобрување текст, автоматско откривање бои, спречување на пробивање на боите, намалување на ефектот Moiré и отстранување дамки од дупки за поврзување и црни рабови. Достапен е и валјак за заднина (црно-бело и во боја) што може да го користите по ваш избор. Треба само да изберете која заднина ја сакате во поставките на драјверот и DR-X10C ќе изврши ротација согласно вашите поставки.

# ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

imageFORMULA
**DR-X10C**

| | | |
|---|---|---|
| **Вид** | Скенер за на работна маса со механизам за снабдување со листови | |
| **Сензор за исчитување на документи** | CMOS CIS 3-линиски сензор | |
| **Оптичка резолуција** | 600 dpi | |
| **Светлосен извор** | RGB LED | |
| **Страна на исчитување** | Еднострано / двострано / прескокнување празна страница / превиткување | |
| **Интерфејс** | High speed USB 2.0 и SCSI-3<br>Изборна Kofax VRS Professional CGA-картичка | |
| **Димензии** | Затворен фах: 528 (Ш) x 563(Д) x 375 (В) mm<br>Отворен фах: 528 (Ш) x 861 (Д) x 432 (В) mm | |
| **Тежина** | Прибл. 39 kg | |
| **Предуслови за напојување** | AC 220 - 240 V (50 / 60 Hz) | |
| **Потрошувачка на енергија** | Скенирање: 125 W или помалку, режим на мирување: 4,5 W или помалку,<br>Исклучено напојување: 0 W | |
| **Работни услови** | 10 - 32,5˚C (50 - 90.5˚F), влажност: 20 - 80% RH | |
| **Усогласеност за заштита на животната средина** | RoHS | |
| **БРЗИНА НА ЧИТАЊЕ*** | | **DR-X10C** |
| **(A4, портрет)** | | |
| **ЦРНО-БЕЛО / сиви тонови** | 200 dpi / 300 dpi | 100 стр./мин. / 200 слики/мин. |
| **Во боја** | 200 dpi | 100 стр./мин. / 200 слики/мин. |
| **Во боја** | 300 dpi | 100 стр./мин. / 170 слики/мин. |
| **(A4, пејзаж)** | | |
| **ЦРНО-БЕЛО / сиви тонови** | 200 dpi / 300 dpi | 130 стр./мин. / 260 слики/мин. |
| **Во боја** | 200 dpi | 130 стр./мин. / 260 слики/мин. |
| **Во боја** | 300 dpi | 130 стр./мин. / 260 слики/мин. |
| **СПЕЦИФИКАЦИИ НА ДОКУМЕНТИ** | | |
| **Ширина** | 50,8 - 305 mm | |
| **Должина** | 70 - 432 mm | |
| **Дебелина** | Автоматско снабдување: 52 - 128 $g/m^2$ (0,06 - 0,15 mm)<br>Режим на проследување: 42 - 255 $g/m^2$ (0,05 - 0,3 mm) | |
| **Режим за долги документи** | Макс. 3000 mm (може да се избере во контролниот панел на MS Windows) | |
| **Одвојување листови** | Метод на валјак за задржување | |
| **Капацитет на механизам за снабдување со листови** | 500 листови<br>Можност за избирање на 500, 300, 100 листови и РАЧЕН РЕЖИМ / РЕЖИМ ЗА ПРОСЛЕДУВАЊЕ<br>Режим за снабдување со хартија Офсет снабдување со странични водилки што се заклучуваат | |
| **ПЕЧАТЕЊЕ** | | |
| **Резолуција** | 100 x 100 dpi, 150 x 150 dpi, 200 x 200 dpi, 240 x 240 dpi, 300 x 300 dpi, 400 x 400 dpi, 600 x 600 dpi | |
| **Режим** | Црно-бело, дифузија на грешка, напредно подобрување на текст, напредно подобрување на текст II, 8-битни сиви тонови (256 нивоа), 24-битни бои, автоматско откривање на бои, активен праг | |
| **СПЕЦИЈАЛНИ ФУНКЦИИ** | Автоматско откривање на големина на страница, корекција на закосување, прескокнување празна страница, препознавање ориентација на текст, изоставување бои (RGB / приспособено) / подобрување бои (RGB / приспособено), намалување на ефектот Moire, спречување на пробивање на боите/отстранување заднина, отстранување дамки од дупки за поврзување, MultiStream, автоматско вклучување / исклучување на напојувањето (преку USB), систем за брзо враќање во функција, ултразвучно откривање на двојно повлекување (сензорите се прилагодуваат независно), рачно снабдување / снабдување со проследување, контрола на вртежен момент со активно разделување, механизам за повторен обид при двојно повлекување, копчиња за регистрација на задача / корисник, проверка на скенирање / режим на бројач, аларм со звучен сигнал, можност за избор на заднина (бела / црна), препознавање баркодови / 2D-кодови, активен праг | |
| **ИСПОРАЧАН СОФТВЕР** | Драјвер ISIS / TWAIN | |
| **За Windows OS** | CaptureOnTouch | |
| **Опции** | Пред-импринтер<br>Пост-импринтер<br>Декодер за кодови за составување<br>Kofax VRS Professional CGA-картичка<br>Единица за скенирање 102/202 со рамно лежиште | |
| **Потрошни материјали** | Комплет за замена на валјак<br>Лист за чистење<br>Патрони мастило | |
| **Дополнителна опрема** | Единица за скенирање 102 со рамно лежиште за A4-формати<br>Единица за скенирање 202 со рамно лежиште за A3-формати | |
| **Препорачан дневен работен циклус** | 60.000 скенирања/ден | |

*Брзините на скенирање зависат од спецификациите на компјутерот и поставените функции.

Некои слики се симулираат за појасна репродукција. Сите податоци се засноваат на стандардните методи за тестирање на Canon. ™ и ®: сите имиња на компании и / или на производи се заштитни знаци и / или регистрирани заштитни знаци на нивните производители на нивните пазари и / или во нивните земји.

Посетете го веб-сајтот на Canon за повеќе информации.



**Единица за скенирање 102 со рамно лежиште за A4-формати**



**Единица за скенирање 202 со рамно лежиште за A3-формати**

## Идеален за подобрување на процесите во динамичките канцеларии

Ненадминатата продуктивност и ракувањето без напор го прават DR-X10C совршен скенер за процесите за скенирање што се важни за деловното работење, на пример, водење евиденција и фактури.

## Идеален за специјални агенции и компании што нудат услуги за скенирање

Извонредната сигурност при скенирање со брзина од 260 слики во минута и дневниот работен циклус од 60.000 скенирања му овозможуваат на DR-X10C да биде скенер на кој секогаш може да му се верува.

## Скенирајте нестандардни документи со изборното рамно лежиште

Додајте ја единицата за скенирање 102 со рамно лежиште и скенирајте поврзани книги, дневници и деликатни медиуми со големина до A4 или единицата за скенирање 202 за скенирање во A3-формат. Скенерите со рамно лежиште се поврзуваат преку USB и работат беспрекорно со скенерите imageFORMULA за да овозможат непречен процес на двојно скенирање во кој ќе можете да ги применувате истите функции за подобрување на слики при секое скенирање.

## Комплет за програмери на софтвер (SDK)

Алатките и комплетите за програмери на софтвер се достапни преку програмата за програмери од Canon. За да се регистрирате во програмата:

- Ве молиме посетете ја страницата за регистрација - https://developers.canon-europe.com/developers/s/login/SelfRegister
- Доколку настане каков било проблем за време на пријавувањето, ве молиме контактирајте со администраторот на CDP преку cdp-admin@canon-europe.com

Canon

**Canon Electronics Inc.**
canon-elec.co.jp

**Canon Europe**
canon-europe.com

Macedonian edition
© Canon Europa N.V., 2024